РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр.-Nr. 04-1188/8
22-04-2026 20
Скопје-Shkup

Врз основа на член 52 став (1), став (2), став (3) и став (5) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24, 144/25 и 252/25), а во врска со член 5 став (10) од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административаната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/15 и 35/18), државниот секретар, донесе

# О Д Л У К А

1. Административниот службеник **ГОЦЕ ЦВЕТКОВСКИ** се избира за извршител на работните задачи за работно место:

**01. УПР0101В0100 – Советник за стандард во Одделение за стандард, заштита при работа, ментално здравје и транзиција во Сектор за човечки ресурси во Директорат за управување со човечки ресурси, образование и обука, 1 извршител.**

2. Одлуката да се објави на ВЕБ страната на Министерството за одбрана.
3. Одлуката влегува во сила со денот на конечноста.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување, одредена со решение на државниот секретар бр. 04-1188/5 од 17.04.2026 година, на ден 21.04.2026 година, во просториите на Агенцијата за администрација се спроведе административна селекција по Интерен оглас бр. 01/2026 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Министерството за одбрана заведен под деловодствен бр. 04-1188/1 од 06.04.2026 година, објавен на ден 14.04.2026 година за работно место 01. УПР0101В01000 – Советник за стандард во Одделение за стандард, заштита при работа, ментално здравје и транзиција во Сектор за човечки ресурси во Директорат за управување со човечки ресурси, образование и обука, 1 извршител.

Согласно Записникот од спроведената административна селекција бр. 03-1188/6 од 21.04.2026 година, одржана на ден 21.04.2026 година, утврдено е дека за наведеното работно место се пријавил 1 кандидат, и тоа кандидатот Гоце Цветковски.

Од спроведената административна селекција, констатирано е дека пријавениот кандидат е уреден и со истиот ќе се спроведе интервју.

Врз основа на бодовите од административната селекција, Комисијата состави ранг-листа, и со административнот службеник Гоце Цветковски спроведе интервју и состави финална ранг листа која е составен дел на Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр. 03-1188/7 од 21.04.2026 година, со што именуваниот е прворангиран кандидат.

Врз основа на горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба преку Министерството за одбрана до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување во втор степен по жалби и приговори на административните службеници во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката.

Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.

Изработил: Тони Костески
Одобрил: Ирена Станковска

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Елизабета Чуповска Ристова**

Доставено до:
- Државен секретар;
- Кандидатот;
- Директорат за комуникации;
- Персонално досие;
-Агенција за администрација и
- Архива